**20240270614**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 37 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА ЗА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА ЖЕНИТЕ КОИ ВРШАТ ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализира мерка за финансиска поддршка на жените кои вршат земјоделска дејност и имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец, со неповратни средства. Со оваа програма ќе им биде овозможено користење на надоместок за мајчинство за време на спреченост на вршење на земјоделската дејност поради раѓање, кој надоместок не е опфатен со прописите од областа на работните односи за платено породилно отсуство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во вкупен износ од 3.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.254/24) раздел 140.04, програма 2, потпрограма 23, ставка 464 - разни трансфери кои од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата) ќе се користат за финансиска поддршка во износ од 100.000,00 денари за деветмесечен надоместок за мајчинство на жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец стекнат согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

II

(1) Финансиската поддршка од делот I став (2) од оваа програма се доделува на жена за родено дете во периодот од 1.12.2024 година до 1.12.2025 година и:

- е запишана во Единствениот регистар на земјоделски стопанства како носител или член на семејното земјоделско стопанство,
- семејното земјоделско стопанство во кое членува остварило финансиска поддршка согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2023 година во износ од најмалку 50.000,00 денари или има остварен приход од вршење на земјоделска дејност за 2023 и 2024 година во висина од најмалку 150.000,00 денари и
- има непрекинат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување во времетраење од шест месеци пред раѓање на детето.

(2) Финансиската подршка од ставот (1) на овој дел се реализира врз основа на поднесено барање до Агенцијата најдоцна до 10 декември 2025 година кон кое треба да се достави следната документација:

- извод од матична книга на родени за детето за кое се бара надоместок за мајчинство или отпусно писмо од здравствена установа каде што е извршено породувањето;
- уверение за состојба на даноци, придонеси и други јавни приходи и давачки издадено од Управата за јавни приходи по датумот на раѓање на детето;
- решение од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за утврден статус на осигуреник-индивидуален земјоделец;

- потврда издадена од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија дека мајката не била вработена во редовен работен однос во период од шест месеци пред раѓање на детето и
- фотокопија на трансакциска сметка на мајката.

(3) Документацијата од ставот (2) алинеите 1, 2, 3 и 4 на овој дел се доставува во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

III

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на директорот на Агенцијата, најдоцна до 25 декември 2025 година.

IV

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 јануари 2026 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-829/10
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.